СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 јуни 1996 година

Скопје, јуни 1996 година

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четириесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 јуни 1996 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1,со почеток во 11,25 часот.

(Влегувањето на претседателот и гостите во салата пратениците го поздравија со аплауз.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Г-динот Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и г-да, пратеници, почитувани гости,

Ја отворам Четириесет и осмата седница на Собранието на РМ, која ја свикав по повод посетата на државниот секретар за одбрана на САД, Г-дин Вилијам Пери на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваа мнозинството пратеници на Собранието.

На седницата се поканети и претседателот на Република Македонија Г-дин Киро Глигоров, претседателот на Владата на РМ г-дин Бранко Црвенковски, членовите на Владата на РМ, и претставниците на Македонско - американското друштво за пријателство.

На седницата исто така присуствуваа шефови на странски дипломатско - конзуларни мисии, акредитирани во РМ и претставници на меѓународни организации во РМ.

Дами и г-да пратеници, почитувани гости,

Имам особена чест и задоволство да го поздравам државниот секретар за одбрана на САД Г-дин Вилијам Пери и членовите на Делегацијата што го придружуваат.

(аплауз)

Имам чест да го поканам Г-динот Вилијам Пери да му се обрати на Собранието".

(Г-динот Пери излегува на говорницата поздравен со аплауз)

**ВИЛИЈАМ ПЕРИ:** (прилог)

Големо задоволство е да се биде во Македонија. Ова е моја трета таква посета и голема чест преставува за мене што може да зборувам во овој Парламент. Колку што разбрав ова е трета таква прилика стран претставник да говори овде.

Ќе го започнам мојот говор со тоа што ќе го пренесам искуството од забележителни настани на кои присуствував во текот на минатата недела.

**ПРИЛОГ:**

**12 јуни 1996**
**Говор на Секретарот за одбрана на САД, д-р Вилијам Пери, во Собранието на РМ.**

Минатата недела направив едно забележително патување низ Европа каде што учествував на три исклучителни настани.

Прво, во Л'вив, Украина, ја набљудував првата мултинационална мировна вежба кога и да е одржана на територијата на поранешниот Советски сојуз.

Војници од единаесет земји кои порано се обучаваа да борат еден против друг во војна, сега се обучаваа еден со друг за каузата на мирот.

Потоа, во Првомајск, исто така во Украина, им се придружив на министрите за одбрана на Русија и Украина во засадувањето на сончоглед на местото каде што беше најголемото поле со нуклеарни проектили во Советската империја.

Полето со нуклеарни проектили во Првомајск сега е поле на кое се одгледува сончоглед, а Украина е земја без нуклеарно оружје.

И на крајот, во Германија во една школа соодветно наречена Маршал центар, зборував на церемонијата по повод дипломирањето на 70 офицери од вашата земја и од земјите од поранешниот блок на Советскиот сојуз; кои ќе понесат назад во своите земји ново разбирање за тоа како вооружените сили функционираат во демократските земји.

Овие настани длабоко ме импресионира; Бидејќи тие сите се поврзани како дел од нашите напори да изградиме една нова Европа;

Една нова Европа која сакам да ја нарекувам "Маршалова Европа", според американскиот војник и државник, Џорџ Ц. Маршал.

**Маршаловата визија беше Европа која од Атлантикот до Урал ќе биде обединета во мир, слобода и демократија.**

**Како што знаете, Маршал не само што имаше ваква визија, тој исто така имаше и план за тоа како оваа визија да ја направи реалност во повоена Европа.**

**Маршаловиот план и нудеше на Европа еден нов пат кон реконструкцијата и обновата.**

**Половина од Европа застана на тој пат, и ги отвори вратите кон просперитет и слобода.**

**На половина од Европа тој пат и беше оневозможен кога Јосиф Сталин и ја затвори врата на Маршаловата понуда.**

**Денес, ние имаме втора шанса да ја направиме Маршаловата визија реалноста за цела Европа;**
**Да изградиме Европа обединета во мир, слобода и демократија.**

**Јас дојдов во Скопје бидејќи Соединетите држави многу сакаат да ја видат вашата земја како дел од Маршаловата Европа.**

**Денес, основниот пат кон Маршаловата Европа лежи во Партнерството за мир на НАТО.**

**Преку Партнерството за мир, НАТО досегнува кон земјите од Источна и Централна Европа, Русија и Новите независни држави, и вистински ги интегрира во безбедносната архитектура на Европа како целина.**

**Од неговиот почеток пред две и пол години, Партнерството за мир посака добредојде на 27 земји партнерки кои се определени за демократија, пазарна економија и професионална војска под цивилна власт.**

**Македонија е 27-ма членка на Партнерството за мир.**
**Овие земји партнерки им се приклучија на шеснаесетте земји членки на НАТО.**

**Спроведувајќи десетици здружени вежби низ целиот свет; и градејќи нови врски соработка.**

**Никаде овие врски на соработка не се толку евидентни како во Босна.**

**Всушност токму Босна станува лонецот за создава&е на . Маршаловата Европа.**

**Токму во Босна Европа гледа дека НАТО останува основата врз која ќе се гради идната безбедност и стабилност на континентот.**

**Токму во Босна НАТО и нашите нови Мировни партнери први ги жнеат плодовите на нашата здружена мировна обука.**

**Токму во Босна идните членки на НАТО се покажуваат како готови и способни да го понесат заеднички бремето на членството.**

**И токму во Босна силите на НАТО и руските сили стекнуваат искуство на заедничко работење од прва рака.**

**Јасно е, успехот во Босна е директен резултат на соработката меѓу државите без преседан.**

**Никаде ова не е толку очигледно како овде.**

**Вие направивте се што е можно да ги подржите мировните сили од Соединетите држави и норидиските земји;**

**И вие помогнавте Балканот да се извлече од ивицата на поширока војна;**

**И вие помогнавте овој регион да се стави па патот кон мирот и стабилноста.**

**Јас патував во Босна двапати од пристигнувањето на ИФОР во декември, и едниот и другиот пат бев шокиран од целосниот контраст помеѓу разурнувањето и страдањето што го видов во Сараево и повторното раѓање и обнова што ја видов во другите**

**главни градови на Централна и Источна Европа - вклучувајќи ги и Скопје, Тирана, и Софија.**

**Босна е пример за тоа што се случува кога луѓето претпочитаат да се свртат кон старите омрази наместо кон новите предизвици.**

**За среќа, повеќето од овие од скоро слободни нации од овој регион решија да се свртат кон новите предизвици на политичка, економска и воена реформа.**

**Тоа беше и причината што министерската средба во Тирана во април: да се помогне да се пресретнат предизвиците на реформата преку надградување на лекциите научени во Партнерството за мир.**

**Нашата главна мисла беше дека додека Балканот како регион содржи некои од најголемите пречки за градењето на маршаловата Европа; тој исто така содржи некои од најголемите можности.**

**Министерската средба ги искористуваше предностите на овие можности; и обезбедуваше овој регион да биде вклучен во маршаловата Европа.**

**Уште повеќе, ние се обидовме да почнеме да ги идентификуваме чекорите кои одбранбените установи треба да ги преземат за да не доведат поблиску до таквата реалност.**

**Првиот чекор кој го испитавме беше потребата од повеќе соработка во одбраната;**

**Почнувајќи од посети на високи делегации, до воени размени, до вежби и операции во време на мир.**

**Овие здружени активности обезбедуваат ефикасен начин за одбранбените функционери и за вооружените сили непосредно да се стекнат со обука и искуство.**

**Тие ни овозможуваат да учиме еден од друг, еден за друг, и како да постигнуваме подобри резултати еден со друг.**

И тие обезбедуваат можност за земјите од регионот да се стекнат со знаења за намерите на своите соседи, кои се клучни за градењето на регионалната доверба.

Повеќето од учесниците на таа министерска средба веќе беа активни членки на Партнерството за мир.

Ние зборувавме за тоа колку е важно секоја земја партнер да се вклучи во комитетите на НАТО и на Процесот за планирање и ревизија.

Тоа во многу ќе придонесе кон разбирање на Алијансата и ќе води кон зголемена интероперативност со НАТО.

Токму минатата недела, македонскиот Парламент во итна постапка го ратификуваше договорот за статусот на силите на НАТО кој го трасира патот кон поблиски безбедносни врски со сите земји на НАТО.

Подеднакво важни за соработката се меѓуармиските контакти со соседите -за развојот на која вашето Министерство за одбрана напорно работи.

Јас им предложив на учесниците на министерската средба дека би било прекрасна идеја да се одржи регионална вежба во рамките на Партнерството за мир врз сценарио со природна катастрофа.

Таква вежба би можела да ги постави основите за една регионална единица за брзо реагирање која би работела заедно во области како што се спасувањето, цивилни ургентности и помош при катастрофи.

Јас сум среќен и горд што дознав дека вашата земја направи исчекор и ја прифати таа идеја; и оваа есен таа ќе биде домаќин на правата таква вежба на Партнерството.

И НАТО и земјите партнери од регионот ќе бидат поканети да учествуваат во оваа вежба за што планирање која ќе се одвива според сценарио кое опфаќа катастрофа земјотрес.

Ова вежба ќе го зголеми вашето експонирање кон НАТО, и ќе помогне во градењето доверба со соседите.

И тоа е случај каде што добрососедството нема само да ја зголеми довербата - туку ќе спаси и животи.

Друга област која ја испитувавме на средбата на министрите за одбрана од Балканот беше мерките за градење доверба.

Клучот за градењето доверба е отвореноста за одбранбените буџетот, планови и политика.

Отвореноста е еден невообичаен концепт кога се работи за одбраната.

Уметноста на војувањето подразбира и тајновитост и изненадување.

Но уметноста на мирот го подразбира токму спротивното - отвореност и доверба.

Ниедна земја во регионот не треба да нагаѓа за можностите и намерите на својот сосед.

Конвенцијата на КББС бара нациите да ги споделуваат конкретните информации како мерки на градење на доверба.

Но ако се оди и пред потребите на конвенциите, на пример заеднички попис за етничкото малцинство, ќе се помогне во градење на уште поголема доверба.

А за земјите кои се уште немаат навика на усогласување при размена на податоците, размената на информации во врска со вежбите на ПзМ е добра основа за почеток.

Едноставно кажано овие мерки ќе придонесат за намалување на можноста од појава на недоверба или недоразбирање меѓу нациите.

**И тие ја зголемуваат можноста за мирно разрешување на спорови Оставајќи ви копија од мојот годишен извештај за Американскиот Конгрес, симболично ви ја прикажувам одлучноста на САД за отвореност.**

**Ова преставува официјална изјава на Министерството за Одбрана на САД за плановите, програмите и политиката на нашите вооружени сили.**

**Тука се прикажани видот на вооружените сили кои се во изградба, зошто ги градиме и колку планираме да потрошиме на нив.**

**Развивањето на одбранбен план и политика наметнува потреба од цврсти воени-цивилни врски- последната тема која ќе се разгледува на министерската средба.**

**Ние зборувавме за важноста од соработката меѓу цивилните и воените кадри при изготвување на годишен одбранбен буџет, и важноста од законодавна контрола на тој процес.**

**Исто така зборувавме за важноста на националната безбедносна стратегија со Шефовите на држави, поднесена до Парламентот, за национална воена стратегија чиј нацрт ќе го изготви Министерството за Одбрана во тесна соработка со ГШ.**

**Еве Ви оставам една копија од Годишниот извештај како пример за одговорноста на одбраната на САД и како пример за тоа каква треба да биде обраната на сите земји.**

**И на крајот зборувавме за важноста од професионалната војска под демократска цивилна контрола.**

**Подоцна во текот на денот ќе присуствувам на именувањето на Центарот за Образование и Обука во Одбраната, Џозеф Крузел.**

**Со отворањето на овој Центар правите важеп чекор кон развивање на една професионална одбрамбена установа.**

**ДР. Крузрл беше еден од нашите најдобри профссионалци во одбраната, и тој би бил горд да знае дека овој Цснтар ќе работи за обука на луѓе кои ќе и служат на одбраната на вашата нација исто како што тој и служеше на американската.**

**Џо исто така би бил горд на резултатите од министерскиот состанокот на јужно балканските земји кои се одржа минатиот април.**

**Тој би бил горд затоа што тоа беше состанок не за решавање на спорови туку заради постигнување на договор.**

**Се согласивме дека безбедноста зависи од развивањето на врски меѓу нашите нации преку вежбите на ПзМ, се согласивме дека безбедноста наметнува потреба од цврсти, здрави воено цивилни односи, се согласивме дека споровите треба да се разрешуваат преку мировни преговори а не преку вооружена конфронтација, се согласивме дека безбедноста во овој регион е "неоподеллива" што значи дека безбедноста на секоја нација зависи од безбедноста на сите други.**

**Само до пред неколку години никој од нас не можеше да замисли дека јужно балканските земји ќе се согласат со овие безбедносни принципи.**

**Денеска наша обврска кон историјата е да го искористиме овој уникатен момент каде незамисливите идеи од минатото се практика на денешницата.**

**Во 1963 во зенитот на студената војна претседателот Џон Кенеди рече: " Да не дозволиме оваа генерација да каже дека ги оставивме нашите идеали и визии во минатото, отидовме предалеку, жртвувавме премногу за да можеме да ја рескираме иднаната", денес, студената војна ни останува само како сеќавање, и со изградбата на една Маршалова Европа да не дозволиме да се рече дека ги оставивме нашите идеали и визии во минатото.**

**Наместо тоа, да овозможиме оваа нова генерација на балкански и македонски лидери да разбере дека демократијата ја преставува основата на безбедноста, и да овозможиме да се рече дека вашата нација го започна процесот во претварање на Балканот во регион кој е познат не по проблемите туку по своите ветувања.**

(Господинот Вилијам Пери говорот го одржа на Англиски јазик).

(Долготраен аплауз).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и г-да, дозволете ми во Ваше име, во името на Собранието на РМ. Во мое име да му се заблагодарам на Г-динот Пери за неговото присуство во Македонскиот Парламент и за многу инспиративниот настап.

Убеден сум дека го делам и Вашето мислење дека присуството на Г-дин Пери меѓу нас е уште една потврда за поддршката што СДЦ ја даваат на Македонија во континуитет.

Вашето присуство Г-дине Пери меѓу нас и присуството на Американските војници во составот на мировните снаги на УМПРЕДЕП на нашите граници е најдобар showказ за грижата на САД за стабилноста на РМ и стабилноста во регионот.

Уште еднаш Ви благодарам на честа што ни ја укажавте.

Со ова ја заклучувам 48-та седница.

По пауза од 30 минути продолжуваме по точките од 47-та и 46-гата седница.

Седницата заврши во 11,45 часот.